

Тогаш пилето му рече на прасето :

- Многу ти благодарам прасе ! Така и му треба на лошиот петел ! Ајде сега ние да си играме како вистински другари.



# ЛОШИОТ ПЕТЕЛ



На малото, жолто пиленце му купија црвен балон. Тоа го наду балонот, го врза со еден долг конец и излезе надвор да си игра. Додека балонот се вееше на ветрот, пиленцето си пееше :

Пи - пи - пи ! Пи - пи - пи !  
Балончеси имам,  
Пи - пи - пи ! Пи - пи -пи !  
Ветерче го носи.

Сето тоа го следеше и слушаше од зад оградата, еден голем петел. Петелот реши да му ја растури играта на пилето, па си рече :

- Ова пиле си игра како да е дете, Јас сега ќе му ја растурам играта. Сега од играчка ќе стане плачка !



Петелот се затрча силно кон балонот на пилето. Го клукна со остриот клун, балонот пукна и се разлета на многу парчиња. Петелот избега. Кога пилето остана без балонот, почна силно да плаче. Неговото плачење го слушна едно прасе и дотрча.





Прасето и пилето му се насмеаја и му велеа :

- Лош петел, лош петел!

Лошиот петел се исплаши од нацртана лисица!



Кога петелот виде дека пилето има друг балон пак се затрча за да му го пукне и овој балон. Тогаш ја здогледа нацртаната страшна лисица, си помисли дека е вистинска и летна да бега колку што го носат нозете.





Зошто плачеш пиленце ? - го праша прасето.

Лошиот петел ми го пукна балонот ! - одговори пилето.

- Не плачи пиленце, сега ќе видиш како ќе го исплашиме петелот !



Прасето зеде друг балон. Го наду и го врза со конец.





На балонот нацрта една страшна лисица.
Пилето го зеде балонот и почна да си пее.
А прасето се сокри зад оградата.